EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

ДОБРИ ВЕСТИ ОД

ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ 6



„ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО НЕ Е ПРИФАТЛИВО - ВРЕМЕ Е ОПШТЕСТВОТО ДА СТАНЕ СВЕСНО!

СТУДИСКА ПОСЕТА ВО СЛОВЕНИЈА

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНКЛУЗИВЕН И ТРАНСПАРЕНТЕН ПРОЦЕС ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИ СОВЕТ

ФОРУМ НА ИМПУЛСИ: ВМРЕЖУВАЊЕ ЗА НЕЗАВИСНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ФЕВРУАРИ 2025

ПРАВНО ОДРЕКУВАЊЕ:
ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ПРЕДГОВОР



Дитер ШИНДЛАУЕР

Тим лидер, Поддршка на ЕУ за владеење на правото

„Се надеваме дека со овој извештај ќе одржиме позитивен став и ќе го поддржиме етичкото убедување дека вреди да се залагаме за промени, реформи и процес на постојано подобрување. За таа цел, ќе го прикажеме и славиме напредокот за да не се изгуби во многу погласната врева на негативните вести“.

Почитувани читатели,

Во нашиот шести квартален извештај, повторно ви носиме добри вести од многуте аспекти на владеењето на правото.
Ќе прочитате за континуираните напори за унапредување на правосудниот систем на транспарентен и партиципативен начин, ќе видите како продолжува борбата против организираниот криминал и корупцијата со многу предизвици за агенциите за спроведување на законот коишто се трудат постојано да се подобруваат и прилагодат на истите.

Во ова издание, особено сакам ви укажам на прашањата за правата на децата и кампањата против малтретирањето во училиштата. Исто така, ќе прочитате за најновите чекори коишто беа преземени за новиот Национален акциски план за правата на децата. Откако истиот ќе биде спроведен, ќе претставува уште една пресвртница за децата во Северна Македонија. Едно од начелата за правата на децата е дека, покрај тоа што се заштитени, децата треба да бидат слушнати и нивните перспективи и знаење да бидат интегрирани во сите прашања што ги засегаат. Проектот ги вклучи децата во процесот на изготвување на новиот акциски план, а некои деца станаа и наши сојузници кога започнавме кампања против широко распространетиот феномен на малтретирање и насилство во училиштата.

ПРЕДГОВОР

Видеото, чијашто главна порака гласеше „време е да се дејствува против врсничкото насилство“, беше споделено со телевизиите и социјалните мрежи во декември 2024 година. Во ова издание можете да ги запознаете Драгана, Никола, Јана и Иван, ученици од гимназијата „Никола Карев“ кои беа вклучени во нашата кампања и беа дел од видеото. По кампањата, нашата уредничка и координаторка за видливост Кристина Весиќ, имаше средба со нив во нивното училиште и разговараа за кампањата, нивните искуства и решенија во врска со врсничкото насилство и малтретирањето. Според моето мислење, нивните одговори се извонредни бидејќи покажуваат голема свесност и чувство на мудрост, што не е толку вообичаено кај младите во нашите општества. Со свои зборови, тие објаснуваат зошто превенцијата е толку важна, зошто социјалните медиуми можат да станат опасно место и зошто е потребна солидарност со жртвите. Можеби нивниот највпечатлив заклучок е дека малтретирањето премногу често се доживува како нормално и кај децата и кај возрасните. Тие се залагаат да се шири јасна порака: „Не! Силеџиството не е нормална појава. Тоа е сериозен проблем кој остава трага и треба да му се спротивставиме“. Во целост се согласувам со нив. Она што го кажаа овие посветени, разумни и силни, млади Македонци ме инспирираше и исполни со надеж и се надевам дека и кај вас ќе го поттикне истото. Можеме само искрено да им се заблагодариме за соработката и посветеноста.

Понатаму, во овој извештај, ќе дознаете повеќе и за нашиот интерактивен Форум за човекови права, наречен Форум на импулси и групно интервју со нашите експерти од Компонента 1, кои го поддржуваат правосудниот систем, давајќи увид во нивните улоги, тимскиот дух и успеси.

Се надевам дека ќе уживате при читањето на овој извештај.

Уживајте во добрите вести!



Дитер Шиндлауер
Тим лидер

ВИ ПРЕТСТАВУВАМЕ:

„ДА ГО ПРЕКИНЕМЕ КРУГОТ НА ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО“

Во соработка со Народниот правобранител на Република Северна Македонија, започнавме кампања за подигање на свеста за унапредување на правата на децата и заштита на децата од врсничко насилство.

СТУДИСКА ПОСЕТА

Овој настан ја истакнува важната улога на словенечките експерти кои активно учествуваат во проектот за зајакнување на владеењето на правото во Северна Македонија, со фокус на борбата против организираниот криминал и подобрување на капацитетите на Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија.

ФОРУМ НА ИМПУЛСИ

Форумот на импулси: Вмрежување за независност на институциите за човекови права собра над 30 претставници од независни институции, владини тела, граѓански организации, меѓународни проекти, академски кругови и судови, според концептот -„на кафе со заедничка цел“.

Ајде да зборуваме за...

- Форум на импулси: Вмрежување за независност на институциите за човекови права
- Зајакнување на судската независност, отчетност и јавна доверба во Северна Македонија
- Успешно спроведена работилница за борба против корупциски кривични дела
- Обезбедување инклузивен и транспарентен процес за изменување и дополнување на Законот за Судски совет
- Зајакнување на транспарентноста и отчетноста на Советот на јавни обвинители
- Работна посета во Република Словенија за унапредување на соработката и борбата против организираниот криминал
- Изготвување на Национален акциски план за правата на децата во Република Северна Македонија (2024-2028)
- „Врсничкото насилство не е ОКЕЈ - време е општеството да стане свесно!“

Форум на импулси: Вмрежување за независност на институциите за човекови права

На 4 декември 2024 година, „Форумот на импулси: Вмрежување за независност на институциите за човекови права“ се одржа во Лабораториум. Овој партиципативен настан собра над 30 претставници од независни институции, владини тела, граѓански организации, меѓународни проекти, академски кругови и судови, следејќи ја темата „на кафе со заедничка со цел“. Користејќи го методот World Café, форумот создаде динамичен простор за целни дискусии и размена на искуства за повеќестраните аспекти на независноста.



Саша Јанковиќ, меѓународен експерт во проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото”

Форумот започна со одличните презентации на Тена Симоновиќ Ајнволтер,Народен правобранител на Република Хрватска и Саша Јанковиќ,меѓународен експерт на проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото” и поранешен Народен правобранител на Република Србија. Со нивните презентации ја постави основата за истражување на предизвиците и можностите поврзани со независноста на институциите за човекови права.

Учесниците ја оценија општата независност на македонските институции за човекови права со 2 од 5, при што 1 е „независна“ и 5 „целосно независна“. Оваа оценка ја истакна важноста од постојан дијалог и дејствување за зајакнување на институционалната автономија.

Клучните сознанија од дискусиите вклучуваат:

- **Интегритетот е важен:** секој поединец во институција за човекови права треба да го отелотворува интегритетот. Додека лидерството е од витално значење, придонесот и задоволството на сите вработени се подеднакво важни.
- **Гласот во општеството** институциите за човекови права мора да бидат гласни застапници во нивните заедници.
- **Независноста како процес:** постигнувањето независност е постојано движење, а не фиксна состојба. Јавната поддршка е клучна за заштитата на институционалната независност.
- **Инклузивноста ја гради отпорноста:** внатрешната различност ги зајакнува институциите против надворешните притисоци. Лидерите кои активно ги земаат предвид мислењата на вработените негуваат култура на инклузивност што ја подобрува отпорноста.

Тена Симоновиќ Ајнволтер ја истакна вредноста на партиципативниот пристап што се користеше за време на форумот: „Овој метод е особено ефикасен за дискусија за независноста. Избегнува наметнување надворешни дефиниции и наместо тоа се фокусира на идентификување на решенија соодветни за контекстот кои се усогласени со меѓународните и европските стандарди“.



Тена Симоновиќ Ајнволтер, Народен правобранител на Република Хрватска

Инспириран од сродниот дух на настанот, еден од учесниците изјави: „Ние имаме моќни позиции кои влијаат на животите на останатите. Наша должност е да дадеме пример и да работиме заедно за да ги поддржуваме највисоките стандарди за институциите за човекови права“.

Овој форум означи значаен чекор во поттикнувањето на вмрежувањето, заедничкото учење и колективното дејствување за подобрување на независноста и ефективноста на институциите за човекови права.





Одбележување на успехот:

Визуелен приказ











Зајакнување на судската независност, отчетност и јавна доверба во Северна Македонија

Во тековниот стремеж за интеграција во ЕУ, зајакнувањето на судството во Северна Македонија е најважно. За да се одговори на постојаните предизвици за независноста и одговорноста на судството, како што е нагласено во неодамнешните извештаи и истражувања на јавното мислење, проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“ , заедно со Институтот CEELI и Академијата за судии и јавни обвинители, одржаа судска конференција во Скопје на 19 и 20 ноември 2024 година.

Конференцијата, којашто се одржа во Врховниот суд, собра повеќе од 60 клучни судски чинители за да се осврне на критичните прашања со кои се соочува судството. Воведно обраќање, меѓу другото, имаа и Ирина Трајкоска-Стрезоски, директорката на Академијата за судии и јавни обвинители, која ја истакна важноста од обуката и зајакнувањето на капацитетите, Беса Адеми, претседателка на Врховниот суд која ја истакна потребата од поголема транспарентност и Весна Дамева, тогашната претседателката на Судскиот совет, која се фокусираше на потребата од внатрешни реформи. Со нивите обраќања започнаа дводневните влијателни дискусии.



Беса Адеми, претседателка на Врховен суд

Конференцијата се фокусираше на зајакнување на одговорноста преку различни механизми, вклучувајќи дисциплински мерки, етика и процеси на проверка, притоа давајќи приоритет на зачувувањето на независноста на судството. Клучен елемент на настанот беше искористувањето на компаративните искуства од другите земји за да се одреди патоказот за реформите во Северна Македонија.

На една од највлијателните сесии, насловена како „Судиите во одбрана на владеењето на правото и судската независност“, учествуваа говорници од Бугарија, Унгарија, Полска и Молдавија. Овие судии од прва рака споделија искуства за предизвиците со кои се соочуваат нивните соодветни судства во одржувањето на независноста и владеењето на правото, разговарајќи за негативните влијанија од кампањите за оцрнување, заканите, нападите, замрзнатите плати, принудното предвремено пензионирање, политички мотивираните назначувања и дисциплинските постапки. Судиите ја истакнаа важноста од единство, солидарност и јавно ангажирање во справувањето со овие предизвици.

Конференцијата послужи како платформа за дијалог и размена, нудејќи подетално разбирање на предизвиците и потенцијалните решенија за зајакнување на судската одговорност, независноста и довербата на јавноста во Северна Македонија. Активното учество на судии и експерти од цела Европа, ја истакна силната посветеност за поддршка на напредокот на Северна Македонија кон поенергичен и доверлив судски систем. Согледувањата и искуствата што беа стекнати за време на овој настан ќе бидат клучни за поттикнување значајни и одржливи реформи во националното судство.



Успешно спроведена работилница за борба против корупциски кривични дела

Работилницата „Насоки и упатства за ефикасно откривање и истражување на корупциски кривични дела“, одржана на 10 декември 2024 година, ги собра претставниците на органите за спроведување на законот со цел подобрување на стратегиите за справување со корупција. На ваков начин беше обезбедена платформа за размена на знаења, идентификување на практични решенија и зајакнување на меѓуагенциската соработка. Работилницата имаше за цел да им обезбеди на учесниците алатки за подобрување на истражните процеси и ефикасно справување со предизвиците поврзани со корупцијата.

Беа претставени сеопфатни насоки за подобрување на откривањето и истрагата на корупциски прекршоци, заедно со детален план за имплементација и стратегии за следење на нивното извршување. Учесниците ги споделија најдобрите практики, се вклучија во отворени дискусии и ги разгледуваа практичните студии на случај за подобро разбирање на сложеноста на случаите на корупција.



Работилница за борба против корупциски кривични дела

Експертите м-р Мојца Кузмички и д-р Давид Смолеј го споделија своето искуство и знаење, нудејќи иновативни методологии и критички сознанија за успешните истраги за корупција. Нивните презентации ја истакнаа важноста од координиран пристап во справувањето со корупцијата.

Работилницата им понуди на присутните практично знаење, засилувајќи ја важноста на меѓуагенциската соработка и проактивен пристап. Овој настан претставува значаен чекор во градењето посилна основа за правда и транспарентност, придонесувајќи за тековните напори за создавање општество без корупција.



Pr Експерти од проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото", д-р Давид Смолеј, м-р Мојца Кузмички и Роберт Шплајт, лидер на компонента


онија
вда
nia
e

Обезбедување инклузивен и транспарентен процес за изменување и дополнување на Законот за Судски совет

Во ноември и декември 2024 година, проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“ го поддржа Министерството за правда во организирање серија јавни консултации за подобрување на Законот за Судски совет. Целта на овие консултации беше да се слушнат мислењата на судиите и експертите во однос на нацрт-измените на Законот за Судски совет и да се рефлектираат во финалната верзија на измените. Инклузивен и транспарентен процес е клучен предуслов за подобро законодавство.

Министерството за правда го започна процесот за изменување и дополнување на Законот за судски совет со цел да се одговори на препораките на Оценската мисија за работата на Судскиот совет. Експертите ангажирани од Европската Унија идентификуваа системски слабости во законодавната рамка што го регулира Судскиот совет.



Стручна расправа за подобрување на законот за Судски совет

Министерството за правда формираше работна група која подготви нацрт-измени кои беа споделени и дискутирани на средбите. Беа одржани тркалезни маси за стручни расправи, каде што секој учесник имаше можност да даде придонес. Беа организирани пет тркалезни маси, две во Скопје и по една во Битола, Гостивар и Штип. Над 100 судии од сите инстанци и секое апелационо подрачје, заедно со реномирани правни експерти активно придонесоа во консултациите.

Меѓу клучните теми на кои се разговараше беа критериумите и постапката за избор на членови на Судскиот совет, статусот и отчетноста на членовите, транспарентноста на Советот и дисциплинските постапки против судиите. Учесниците на тркалезните маси дадоа корисни и конструктивни препораки кои се дел од сеопфатниот извештај подготвен од проектните експерти. Овој извештај ќе биде претставен до Министерството за правда за понатамошно разгледување.



Проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“ го охрабрува Министерството за правда внимателно да ги разгледа коментарите и препораките дадени од судиите и експертите. Проектот ќе продолжи да го поддржува процесот на изменување на законот за да се осигури дека конечната верзија на Законот за Судски совет се однесува на препораките од Оценската мисија и е усогласена со меѓународните и европските стандарди.

Зајакнување на транспарентноста и отчетноста на Советот на јавни обвинители

Транспарентноста и отчетноста се постигнуваат со непречен пристап до информации од јавен карактер. Со редовно информирање на јавноста за тоа како се спроведуваат постапките и како се носат одлуките, Советот на јавни обвинители игра клучна улога во влијанието на јавното мислење и стекнувањето на довербата на граѓаните во институцијата.

Земајќи ги предвид овие важни начела, проектот организираше меѓународна експертска мисија за проценка на правната рамка и тековните практики на Советот на јавни обвинители, со цел да се подобри транспарентноста и отчетноста во согласност со стандардите на ЕУ.
Меѓународната експертка (јавна обвинителка со долгогодишно искуство) подготви извештај со проценка на досегашните практики на Советот, врз основа на состаноците и интервјуата одржани со претставници од Советот на јавни обвинители, Јавното обвинителство, членовите на Здружението на јавни обвинители, медиумите и граѓанското општество.

Извештајот, кој нуди заклучоци и конкретни препораки како да се подобри состојбата, беше презентиран пред членовите на Советот на јавни обвинители на тркалезна маса предводена од меѓународната експертка. Дискусијата се фокусираше на начините за зајакнување на транспарентноста и отчетноста во работењето на Советот.

Членовите на Советот ги поздравија наодите на експертската мисија и со нетрпение се согласија да иницираат процес на имплементација на препораките во подзаконските акти и нивна примена во секојдневната работа на Советот. Ова е значително подобрување, бидејќи транспарентноста и отчетноста се суштински столбови за градење доверба во системот на јавното обвинителство.



Тркалезна маса со членовите на Советот на јавни обвиннители

Работна посета во Р.Словенија за унапредување на соработката и борбата против организираниот криминал

Делегација од Република Северна Македонија, предводена од директорот на Бирото за јавна безбедност, г. Александар Јанев, на 13 ноември 2024 година, ја реализираше првата работна посета во Република Словенија, организирана во рамки на проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“. Овој настан ја истакна важната улога на словенечките експерти кои активно учествуваат во проектот за зајакнување на владеењето на правото во Северна Македонија, со фокус на борбата против организираниот криминал и унапредување на капацитетите на Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија.

За време на посетата, директорот Јанев оствари средби со Министерот за внатрешни работи на Р. Словенија, г. Бошта Поклукар, и со генералниот директор на словенечката полиција, г. Сенад Јусиќ, при што беше потврдена поддршката на Република Словенија во процесот на приближување на Северна Македонија кон Европската Унија.

Овие средби ја потврдија соработката во рамки на проектот, која ги вклучува словенечките експерти кои активно учествуваат, придонесувајќи со своето знаење и искуство за унапредување на процесите во земјава, особено во областа на полицијата и криминалистичкото разузнавање.



Директорот на Бирото за јавна безбедност на Република Северна Македонија, Александар Јанев и министерот за внатрешни работи на Република Словенија, Бошта Покљука

Во рамки на посетата, беше организирана работилница од словенечкото министерство за внатрешни работи, каде учесниците се запознаа со напредните практики за прикриени операции и криминалистичко разузнавање. Работилницата овозможи размена на добри практики и унапредување на меѓуинституционалната соработка, што позитивно влијае на структуралните промени во МВР на Северна Македонија.

Проектот има важна улога во овие напори, создавајќи платформи за размена на знаење и ресурси. Нашиот континуиран придонес ја потврдува нашата посветеност на изградба на полиција со висок интегритет, професионализам и адаптирана на европските вредности.


REPUBLIC OF SLOVENIA
MINISTRY OF THE INTERIOR
POLICE
REPUBLIKA SLOVENIJA
MINISTRSTVO ZA NOTRANJE ZADEVE
POLICIJA

Изготвување на Национален акциски план за правата на децата во Република Северна Македонија (2024-2028)

Децата се срцето на секое општество, претставувајќи го неговиот потенцијал и патот кон поперспективна иднина. Опфаќањето на нивните различни потреби, ранливости и права е најважно за поттикнување на праведно и инклузивно општество. Националниот акциски план (НАП) за правата на децата служи како структурирана рамка и алатка за обезбедување сеопфатна заштита, промоција и реализација на овие права.

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“ активно го поддржа Министерството за социјална политика, демографија и млади во изработката на Националниот акциски план за правата на децата (2024-2028). Овој план беше изготвен преку сеопфатен и инклузивен процес кој опфаќа различни чинители од различни институции и активна вклученост на децата.

ИНКЛУЗИВЕН И КОЛЕКТИВЕН РАЗВОЈ

НАП беше изработен од мултидисциплинарна работна група со претставници од:

- **Владини министерства:** Министерство за социјална политика, демографија и млади; Министерство за образование и наука; Министерство за правда; Министерство за внатрешни работи; Министерство за здравство; Министерство за финансии; Министерство за надворешни работи и надворешна трговија.
- **Владини тела:** Генерален секретаријат на Владата, Завод за социјални дејности и Државен завод за статистика.
- **Независни тела:** Народен правобранител, УНИЦЕФ и граѓански организации (ГО).

Карактеристика на овој процес беше активната вклученост на децата, правејќи ги нивните гласови витален дел од обликувањето на политиките кои влијаат на нивните животи.

СТРАТЕШКА ВИЗИЈА И ЦЕЛИ

Примарната цел на НАП е да ги подобри условите за живот на децата, овозможувајќи им да растат во безбедна, сигурна и поттикнувачка средина. Планот има за цел да ги усогласи националните политики со клучните меѓународни рамки, вклучувајќи:

- **Европската детска гаранција**
- Препораки од **Комитетот за правата на детето**
- **Целите за одржлив развој (SDGs)**

Ова усогласување го интегрира НАП во поширокаата **Национална стратегија за развој 2024-2044**, зајакнувајќи ја нејзината кохерентност и долгорочно влијание.



Кети Јандријеска Јованова, експерт од проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“

ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

Преку сеопфатни консултации со државните институции, граѓанските организации и децата, НАП опфаќа осум приоритетни области за унапредување на правата на децата:

1. Справување со **детската сиромаштија**
2. Промовирање на **граѓанските права и слободи**
3. Борба против **насилството врз децата**
4. Обезбедување сигурна семејна средина и алтернативна грижа
5. Зајакнување на поддршката за децата со попреченост
6. Подобрување на пристапот до здравствената заштита и резултати
7. Зајакнување на образовните системи
8. Градење државни капацитети за ефективно спроведување и следење на правата на децата



Кети Јандријеска Јованова, експерт од проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“

Овие приоритети ја рефлектираат посветеноста на транзицијата од реторика на политиките кон акциски стратегии кои го поттикнуваат севкупниот развој, зајакнување и благосостојба на секое дете.

УПРАВУВАЊЕ И НАДЗОР

За да се обезбеди ефективна имплементација, НАП предвидува формирање **Национална комисија за заштита на правата на децата.** Ова тело ќе го координира и надгледува извршувањето на НАП и ќе го надгледува почитувањето на правата утврдени во **Конвенцијата за правата на детето.** Дополнително, преку проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“ ќе се изготвени инструмент за следење на правата на децата, кој Комисијата ќе го користи во својата работа.

ПРЕЗЕНТИРАЊЕ И ПОНАТАМОШНИ ЧЕКОРИ

Нацрт Националниот акциски план за правата на децата (2024-2028) беше официјално претставен во Владата на Република Северна Македонија на **21 ноември 2024 година,** за време на состанокот на Секторската работна група за образование, вработување и социјална политика.

Презентацијата беше наменета за претставници од релевантните министерства, амбасадори, социјални партнери, граѓанското општество и донаторската заедница, стремејќи се кон широка поддршка и одобрување на НАП.

Во однос на временската рамка за развој, последниот Национален акциски план за правата на децата (НАП) истече во 2015 година. Оттогаш, правата на децата се опфаќаат само преку посебни акциски планови за конкретни теми, наместо во рамките на сеопфатен НАП. Без поддршка од проектот, неизвесно е кога би бил изготвен нов НАП. Конечниот нацрт на НАП е споделен со Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ), кое потоа ќе го достави до Владата на усвојување. Временската рамка за поднесување и усвојување ќе биде утврдена во разговорите меѓу министерот за МСПДМ и Владата, при што се очекува да биде усвоен НАП во следните неколку месеци. По неговото усвојување, проектот ќе го поддржи МСПДМ во спроведувањето конкретни активности и развивање алатка за следење на НАП.

ЗАКЛУЧОК

НАП 2024-2028 претставува иновативен пристап кон правата на децата, во кој е втемелена инклузивноста, поткрепен со докази и усогласен со меѓународните стандарди. Со ставање приоритет на благосостојбата и зајакнувањето на секое дете, планот поставува цврста основа за порамноправна и попросперитетна иднина за сите деца.



EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN

ДА ГО ПРЕКИНЕМЕ КРУГОТ НА НАСИЛСТВОТО

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

„Врсничкото насилство не е ОКЕЈ – време е да го освестиме целото општество!“

Иван Иванов, Драгана Јањиќ, Никола Тодоровски и Јана Георгиевска имаат јасна слика за врсничкото насилство, свесни се што се случува во нивната околина, во нивното средно училиште „Никола Карев“, но истовремено покажуваат огромна зрелост во своите размислувања за решенијата. Она што најмногу ме фасцинираше во разговорот со овие млади луѓе е нивната подготвеност да преземат активна улога во борбата против насилството, без разлика дали се случува на училиште, во нивната околина или на интернет.

Разговорот со нив беше уште еден потсетник дека вистинските промени започнуваат од самите млади – кога тие се охрабрени да зборуваат, кога нивниот глас се слуша и кога им се обезбедува поддршка за да дејствуваат. Кампањата „Да го прекинеме кругот на врсничкото насилство“ во која тие учествуваа е еден важен чекор во таа насока.

„Супер си поминавме. Беше многу интересно и многу јако“, започна нашиот разговор, споделувајќи импресии.

„Се запознавме со врсници од различни училишта. Интересно беше да слушнеме како тие станале дел од кампањата и што ги мотивирало да се приклучат“, вели Јана.



Иван Иванов, Драгана Јањиќ, Јана Георгиевска и Никола Тодоровски

Сите четворица доброволно се вклучиле, водени од желбата да придонесат кон подигнување на свеста за врсничкото насилство.

„Искрено, искуството е многу важно! А, штом сме учествувале, сме против булингот и се гледа нашата цел, но и си поминавме прекрасно, мислам малку топло, ама забавно“, додава Никола.

По официјалната презентација на кампањата која се случи на 19 ноември 2024 година, сите го забележале нивното учество. „Јас немав потреба да го споделам видеото. Првиот момент кога се појавило на телевизија, мајка ми ме гледала, цело семејство и секој што ме знае во Скопје го видел видеото и сите имаат преубави импресии од него“, раскажува Јана низ насмевка.

Кога веќе ги споменавме родителите, ме интересираше како тие реагирале на желбата на нивните деца да бидат дел од оваа кампања. Тогаш ја слушнав приказната на Драгана, која некогаш била жртва на врсничко насилство.



> „Кога моите слушнаа дека ќе бидам дел од оваа кампања, многу им се допадна. Им беше драго, бидејќи во основно училиште, поради мојата говорна мана, често бев исмејувана. Некои луѓе што не ме познаваа мислеа дека тоа го правам намерно, а тоа многу ми пречеше. Не ми беше воопшто лесно тогаш, но моите ме научија како да се изборам, како да им објаснам на другите дека тоа е дел од мене и дека не можам да го сменам“, се присетува Јана.

Нејзината искреност и зрелоста со која зборуваше за тоа искуство ми влеаја надеж. Ако „светот останува на младите“, тогаш треба да бидеме мирни – особено ако го оставаме на млади луѓе кои се свесни за предрасудите во општеството и, уште поважно, подготвени да се борат против нив.

Во тој момент, љубопитноста не ми даде мир, па ги запрашав: Како вие стигнавте до оваа точка на ваква самосвест за работите, вака да го разбирате булингот и да изнаоѓате начини за негово сузбивање? Се започнува од домашното воспитување, беа едногласни, а потоа училиштето.

> „Јас во основно училиште имав ситуација каде бев наместен дека сум направил булинг. На крај се докажа дека не сум виновен, но тогаш сфатив дека можам да се борам против тоа за да не дојдам повторно во ситуација да се чувствувам непријатно. Но, мислам дека секој што од дома разговара на оваа тема подоцна нема проблем да ги разбере и да се соочи дури и со потешките форми на насилство“, раскажува Никола.



Врсничкото насилство е честа појава, но она што ме изненади во разговорот со овие млади луѓе не беше неговата присутност – тоа веќе го знаеме – туку фактот дека многу нивни врсници не го препознаваат.

„Има доста врсничко насилство, но луѓето тешко го препознаваат“, вели Иван, на што Никола се надоврзува: „Булингот се случува насекаде, но често не се гледа како проблем, бидејќи е премногу нормализиран.“

Јана истакнува уште една важна димензија:



> „Не е само во училиштата – луѓето често не сфаќаат какво влијание имаат нивните зборови. Затоа е важно да им се посочи кога нешто не е океј.“

Драгана, како дел од ученичката заедница, сведочи дека врсничкото насилство е постојана тема на нивните состаноци. Токму преку овие дискусии таа ја доближила кампањата до оние ученици кои не ја разбирале нејзината порака.

Сајбер насилството е сè почест облик на врсничко насилство, а мене ме интересираше што се случува откако нешто ќе се објави на социјалните мрежи. Дали учениците застануваат во одбрана на жртвата или молчејќи го следат случувањето?

„Денес тоа е главниот извор на булинг. Се шири брзо – штом стигнеш во училиште, сите веќе знаат“, вели Иван.

Драгана сподели потресен пример: „Пред две години имавме случај кога двајца соученици, не од нашата смена, снимиле девојче со инвалидитет, го објавиле видеото и ја исмејувале. Тие беа избркани од училиштето, но траумата за девојчето остана. Затоа мора да реагираме пред да се случи.“

Јана дополнува: „Не мора ни да има видео – доволно е еден муабет да се прошири, па жртвата да стане изолирана и беспомошна. Цело школо ќе дознае и ти на некој начин си таргет. Во такви моменти најтешко е да пронајдеш поддршка.“

Додека разговаравме, не можев а да не се запрашам – ако овие тинејџери се толку свесни за проблемот, дали имаат решение за него?



Иван иванов, Јана Георгиевска, Никола Тодоровски и Драгана Јањиќ



> „Мислам дека треба да се воведат санкции и за говорот на омраза. Денес секој може да напише што сака на интернет, без никаква одговорност. Во некои држави ова е регулирано, треба и кај нас… малку посериозно," вели Иван.

Јана се согласува дека тоа би помогнало, особено за сајбер булингот, но смета дека долгорочно решението лежи во подигнување на свеста. „Важно е жртвата да знае дека не е сама. Ако еден човек покаже свесност, тоа може да поттикне и другите да сфатат дека тоа што се случува не е во океј. Потребни ни се повеќе луѓе кои не се плашат да застанат на вистинската страна," додава таа.

Разговорот полека се приближуваше кон крајот, но сакав уште еднаш да ги слушнам нивните пораки – што би им порачале на сите што ја следеле кампањата, го читаат ова интервју или на кој било начин се запознале со темата.

„Јас мислам дека некои луѓе треба два пати да ја погледнат кампањата ако не ја разбрале. Ова е навистина важна тема – врсничкото насилство се случува премногу често и за жал, стана нормализирано. Време е да кажеме стоп и да ја разбудиме нашата свест, не само ние, туку целото општество," вели Јана.

Никола додава: „Пред да кажеме или направиме нешто, треба да застанеме и да размислиме. Да се ставиме во кожата на другите. Ако барем на миг почувствуваме како тие се чувствуваат, ќе направиме чекор кон промена."

„Општеството мора да се освести. Булингот остава белег – не само физички, туку и психички, а тоа е уште пострашно. Треба да внимаваме на нашите постапки, затоа што последиците се трајни,“ предупредува Иван.

Драгана, пак, ја гледа кампањата како огледало на реалноста во која живееме: „Секој што ќе ја погледне ќе може да види во каков свет живееме и со какви луѓе сме опкружени. Важно е да не се вклучуваме во токсични разговори, да престанеме со булингот и да се освестиме.“

Доколку сè уште не сте ја виделе кампањата, овие млади амбасадори веќе ви ја доближија нејзината суштина – врсничкото насилство е реалност што мора да ја промениме. Погледнете ја кампањата и запомнете: „ДА ГО ПРЕКИНЕМЕ КРУГОТ НА ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО!“

ЛИНК ДО ГАЛЕРИЈАТА

ЛИНК ДО ВИДЕОТО







Одбележување на успехот:

Визуелен приказ











ЕКСПЕРТИТЕ



ЗАПОЗНАЈТЕ ГО ТИМОТ

ИНТЕРВЈУ

КОМПОНЕНТА 1

ВО ОВОЈ ТИМ НИКОЈ НЕ ОСТАНУВА БЕЗ ПОДДРШКА ИЛИ СОВЕТ, ДОВЕРБАТА Е КЛУЧНА

Запознајте го тимот: Рубриката за интервју има за цел да ве запознае со членовите на тимот од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“.

Да се биде дел од Компонента 1 значи да се работи во тим кој постигнува совршен баланс помеѓу меѓународната и националната експертиза, овозможувајќи постојана размена на идеи. Експертите од оваа компонента се посветени на зајакнување на правосудниот систем во Северна Македонија преку подобрување на неговата ефикасност, транспарентност и отчетност. Преку напорите на тимот од меѓународни и национални експерти, целта е да се изгради довербата на јавноста и да се зајакне правосудството како основа за фер општество.

Во ова издание на „Запознајте го тимот“ разговаравме со Славен Лекиќ и Гоце Коцевски, експерти за активности во Министерството за правда; Боро Илкоски, експерт за јавно обвинителство; Кирил Ќироски и Мирослав Гембицки, експерти за ИКТ во правосудните институции; и Воислав Стојановски, експерт за правосудство. Тие ни овозможија увид во нивната работа, ни ги претставија предизвиците со кои се соочуваат и влијанието на нивниот придонес во правосудните реформи.

Како е да се биде дел од Компонента 1, да се соработува како тим од експерти од различни области? Како овој мултидисциплинарен пристап ви користи во вашето работење?


Како што рече Славен Лекиќ, овој состав овозможува континуирано пренесување на знаењето, овозможувајќи постојан пристап до поддршка или совети. За Воислав Стојановски работната средина во тимот наликува на истражувачки центар (think-tank), опкружен со неверојатно талентирани луѓе, и неговата улога се протега и надвор од правната перспектива. Тој умее да ги поврзува работите, да поставува вистински прашања за тоа дали одредена политика би била прифатена во Стразбур или како да се зајакнат судиите со цел да ефикасноста да стане дел од нивното секојдневие, без притоа да чувствуваат прекумерен притисок од страна на Судскиот совет.

Кирил Ќироски и Мирослав Гембицки нагласуваат дека овој мултидисциплинарен пристап поттикнува нови начини на размислување и решавање на проблеми, нудејќи различни перспективи и специјализирано знаење коишто се интегрираат во процесот на донесување одлуки.

Со здружување на експерти од различни области, тимот нуди добро смислени решенија, што доведува до поефективно и покреативно справување со сложените предизвици. Боро Илкоски истакнува дека е чест, но и одговорност да се биде дел од ваков истакнат тим, нагласувајќи го уникатниот аспект на нивната работа – интегрирање на меѓународните стандарди според локалните потреби. Овој пристап им овозможува да ги прилагодат и да ги усовршат своите препораки, издвојувајќи ја нивната работа од другите слични проекти.

За Гоце Коцевски, придонесот за реформите во правосудството е и во исто време и предизвикувачки и наградувачки, особено кога се работи со толку искусни колеги. Слободата да се разговара за идеи без двоумење, да се размислува креативно и да се учи од другите, додава огромна вредност на нивните напори. Колективниот дух на тимот е движечка сила, што ја прави нивната работа влијателна и иновативна за правосудниот систем.

Кога станува збор за опишување на тимскиот дух во Компонентата 1, експертите колективно споделуваат чувство на единство што ги надминува нивните различни области на работа. Секој член носи уникатна перспектива, а нивната колективна сила произлегува од тоа како тие се поддржуваат еден со друг и работат кон заеднички цели.



Славен Лекиќ најдобро го опишува тимскиот дух со зборот „доверба“, како одраз на длабоката доверба изградена со текот на времето, особено преку заедничкото надминување на различни предизвици. Оваа доверба им овозможува да се потпрат еден на друг, не само во сложени, туку и во секојдневни ситуации. За Воислав Стојановски, зборот „катализатор“ ја опфаќа суштината на тимот. За него тимот претставува повеќе од само група експерти - тие се влијателни двигатели кои создаваат промени што никој од нив не може да ги постигне поединечно.

Кирил Ќироски и Мирослав Гембицки одбраа „синергија“ за да ја опишат колективната моќ на тимот. Тие веруваат дека придонесите на секој член ги засилуваат напорите на другите, поттикнувајќи иновации и решавање проблеми кои го надминуваат она што една област може да го постигне сама. Боро Илкоски се определи за „проактивност“, нагласувајќи го напредниот пристап на тимот, секогаш предвидувајќи ги потребите и останувајќи чекор пред другите. За Гоце Коцевски се издвојува зборот „колегијалност“ кој ја претставува сигурната средина каде што секој е секогаш подготвен да помогне и да им даде поддршка на другите.

Сето ова укажува на динамичен, конструктивен и напреден тим кој се води од заедничка соработка и цели.

Во продолжение на разговорот за тимскиот дух, кога станува збор за опишување на влијанието на работата на Компонентата 1 со само три збора, тимот размислува за видливите резултати и заедничките напори што ја дефинираат нивната мисија.

Славен Лекиќ ја истакна посветеноста на тимот за видливи, остварливи и реални активности кои водат до вистинско мерливо влијание. Воислав Стојановски ги истакна движечките сили зад нивната работа: моментум, соработка и реформи. За Кирил Ќироски и Мирослав Гембицки, сеопфатноста, соработката и влијанието најдобро го опишуваат нивниот пристап, бидејќи Компонентата 1 има холистички поглед во однос на подобрувањата во правосудството - зајакнување на транспарентноста, отчетноста и ефикасноста, во исто време воспоставувајќи партнерства меѓу институциите и секторите за да се создадат значајни промени за корисниците. Боро Илкоски ги гледа нивните напори како сигурни, влијателни и иновативни, додека Гоце Коцевски ги дефинира како препознатливи, значајни и ценети.

Нивната работа ги опфаќа клучните области на правосудните реформи, од изготвување на стратегија и напредок во ИКТ до дисциплински мерки. Но, со толкава опфатеност на различни области предизвиците се неизбежни. Кој беше најтешкиот аспект од оваа работа, и како тимот успеа да се справи со истиот?

Славен Лекиќ забележа дека и покрај активната вклученост и сопственост на корисниците во процесот, одложувањата поради изборите, проблемите со човечките ресурси и буџетските ограничувања влијаеле на напредокот.

Воислав Стојановски укажа на потешкотиите во усогласувањето на различните временски рокови и приоритетите на извршната, парламентарната и судската власт. Тимот работел на премостување на овие поделби преку консултативни тркалезни маси, особено околу изготвувањето на Законот за Судски совет.

Кирил Ќироски и Мирослав Гембицки го посочија предизвикот за интегрирање на современите дигитални решенија во постојните законски рамки, соочени со отпор кон промени и институционална инерција, а истовремено и потреба да се балансираат стратешките и законодавните барања.

Боро Илкоски ја нагласи важноста од промена на стариот начин на размислување, нагласувајќи дека унапредувањето на правните практики наложува поширока промена во културата. За Гоце Коцевски вистинскиот предизвик е како да се промени начинот на размислување во правосудството во професионален, одговорен и издржлив, наместо да се фокусира само на менување закони или стекнување ИКТ алатки.
И покрај овие пречки, тимот останува посветен на поттикнување реформи преку соработка и мултидисциплинарен пристап.





Како успевате да овозможите меѓусебна поддршка со релевантните правосудни институции, овозможувајќи реформите во рамките на Компонентата 1 да се спроведуваат како дел од кохезивна стратегија наместо изолирано?

Славен Лекиќ ја истакна отворената соработка во тимот, каде што експертите лесно споделуваат искуства, бараат совети и имаат меѓусебна поддршка.

Воислав Стојановски ја истакна важноста од редовни координативни состаноци, заеднички настани и континуирана размена на најдобри практики за да се обезбеди доследна поддршка на институциите. Преку советодавна работа и размена на искуства од колегите, тимот ја поттикнува соработката, и на тој начин гледаат реформите да бидат усогласени и со заедничка визија наместо да бидат посебни напори.

Кирил Ќироски и Мирослав Гембицки, кои работат со сите клучни корисници на Компонентата 1, ја истакнаа вредноста на отворената комуникација, споделување на сознанијата и усогласениот пристап. Преку разбирање на уникатните предизвици и приоритети на секоја институција, тие помагаат да се создадат синергии кои поттикнуваат сеопфатни правосудни реформи, и на тој начин подобрувањата во една област позитивно влијаат на останатите.

Боро Илкоски истакна дека меѓусебната поврзаност на правосудниот систем бара соработка и координација меѓу судовите, јавните обвинителства, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители. Препознавајќи ги овие заеднички предизвици, Компонентата 1 игра клучна улога во олеснувањето на заедничките напори и постигнувањето на заедничките цели.

За Гоце Коцевски, суштината на соработката лежи во споделување информации и одржување на координиран пристап, зајакнување на посветеноста на тимот за транспарентно, ефикасно и одговорно правосудство.

Кои се следните приоритети за Компонентата 1 и каков ефект очекувате да постигнете во иднина?

Славен Лекиќ истакна дека ќе се применува внимателен, реален пристап, фокусирајќи се на создавање одржливо правно опкружување коешто ќе биде усогласено со меѓународните стандарди и ќе ги поддржи аспирациите на Северна Македонија за членство во ЕУ.

За Воислав Стојановски, главен интерес ќе биде ревитализацијата на Стратегијата за управување со човечки ресурси на Судскиот совет. Првично усвоена во 2020 година, нејзиното спроведување било одложено, но сега, преку детална анализа на судската мрежа, системите за вработување и обуката, целта е да се оптимизира распределбата на ресурсите. Преку справување со недостигот од судии и создавање појасни кариерни решенија, ќе се обезбеди ефективно екипирање на судовите, исполнување на целите за интеграција во ЕУ и градење доверба на јавноста во судството.

Кирил Ќироски и Мирослав Гембицки го истакнуваат унапредувањето на дигитализацијата во правосудството како примарен приоритет. Тие се фокусирани на подобрување на стратешкото планирање, зајакнување на институционалната координација и подобрување на транспарентноста. Интеграцијата на современи ИКТ решенија ќе го направи системот поефикасен, попристапен и поодговорен, овозможувајќи правосуден систем кој го поддржува владеењето на правото и ја поттикнува довербата на јавноста.

Боро Илкоски ги посочи Јавното обвинителство и Советот на јавни обвинители кои се соочуваат со значајни предизвици. Транспарентноста и отчетноста во овие институции ќе бидат во фокусот, со крајна цел да се промени перцепцијата на јавноста која ќе биде сигурна дека институциите работат со поголема ефикасност и интегритет.

За Гоце Коцевски, приоритетот е јасен - видливо зголемување на довербата на јавноста во судството, цел што е основа на работата на Компонентата 1 и ќе го означи успехот на нивните напори.





ФЕВРУАРИ - МАЈ 2025 ГОДИНА

КАЛЕНДАР ПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ

МАРТ

Презентирање на Стратегијата за комуникација на Јавното обвинителство

Компонента 1

12 АПР

14 АПР

Обука за презентациски вештини за работната група за односи со јавноста на пробациската служба

КОмпонента 4

02 АПР

Форум за човекови права за корисничките институции

Компонента 4

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

Информации за изданието

Издавач: Лудвиг Болцман Геселшафт - Институт за фундаментални и човекови права (LBI-GMR), Виена, во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, Скопје

Уредник: Кристина Весиќ

Превод: Ане Петрушевска

Период на известување: 8 ноември 2024 - 7 февруари 2025 година

Датум: 7 февруари 2025 година

Финансирано од Европска Унија

ЕУ за ТЕБЕ